**Република Северна Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

УП 1 10-6
14.05. 2024г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 148 став 3 и член 151 став (1) алинеја 1, 5 и 6 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/21, 58/24 и 76/24) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, Државната изборна комисија во состав Претседател Александар Даштевски, потпретседател Дитмире Шеху, членовите Оливер Ристовски, Борис Кондарко, Радица Ристеска, Бобан Стојаноски и Абдуш Демири, на седницата одржана на **13.05.2024** година донесе:

# РЕШЕНИЕ

Приговорот поднесен од Коалиција ВЛЕН, преку овластениот претставник Башким Хасани, со број УП1 10-6 од 10.05.2024 година, за заштита на избирачко право за избирачко место 2101, Ларце, општина Желино, **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ПОНИШТУВААТ** резултатите од спроведеното гласање по Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, за избирачко место 2101, Ларце, Општина Желино.

Гласањето на гласачкото место2101, Ларце, Општина Желино ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето доколку вкупниот број на запишани избирачи на избирачкото место на ниво на изборна единица влијае на вкупните резултати, односно ќе се одржи на 22-ри мај 2024 година.

## Образложение

Подносителот на листа на Коалиција Влен, преку овластениот претставник Башким Хасани, поднесе Приговор УП1 10-6 од 10.05.2024 година, за повреда на постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултати за заштита на избирачко право за избирачко место 2101, Ларце, општина Желино.

Во поднесениот приговор се наведува дека на ова избирачко место Уредот за биометриска идентификација на граѓаните (УБИГ) не можел да пронаоѓа 110 граѓани и како резултат на тоа Избирачкиот одбор бил приморан да ги најде со пребарување преку нивниот единствен матичен број (ЕМБГ) и земање на отпечаток од прст.Исто

така подносителот на приговорот наведува дека во дел 4 од образецот 16 бројот на идентификувани гласачи со отпечаток на прст, во дел 3 збирно не се совпаѓаат со податоците од дел 7 односно вкупниот збир на резултати како и во дел 6 од образецот не се внесени податоци

Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 13.05.2024 година постапувајќи по Приговорот на Коалиција Влен, преку овластениот претставник Башким Хасани, со број УП1 10-6 од 10.05.2024 година, за повреда на постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултати за избирачко место 2101 Ларце, општина Желино, согласно член 147 ст.10 и 148 став 3 од Изборниот законик изврши увид во целиот доверив изборнен материјал за избирачко место број 2101, Ларце, општина Желино, и тоа изврши броење на гласачките ливчиња, изврши увид во записникот број 16, дневникот за евидентирање на настани, изводот и посебниот извод од избирачкиот список како и извештајот од УБИГ системот.

Од извршениот увид во доверливиот изборен материјал го утврди следното:

При извршеното броење на гласачките ливчиња се констатираше дека не постои совпаѓање на вкупниот број на гласачки ливчиња внесени во гласачката кутија со вкупниот број на избирачи потпишани во изводот иод избирачкиот список и тоа во Дел VII во точка 4 се изброени 135 гласачки ливчиња од Коалиција ЕВРОПСКИ ФРОНТ што е различно од внесениот податок од Записникот број 16 од ова избирачко место, по што се менува вкупниот број на важечки гласачки ливчиња на 471, наместо 470 како што е утврдено во наведениот Записник бр.16, од кој податок се менува и вкупниот број на гласачки ливчиња внесени во гласачката кутија на 480, земајќи ги во предвид и вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња за кои се утврди при увидот дека се 9 на број.

При увидот во Извештајот од УБИГ системот се утврди дека нема совпаѓање на податоците внесени во дел IV –Податоци за идентификација на гласачи преку УБИГ од Записникот за гласање , сумирање и утврдување на резултати од ИО за избирачко место бр.2101 и тоа е утврдено дека во точка 11 се евидентирани 364 гласачи кои гласале и биле верификувани со отпечаток од прст а 110 гласачи се идентификувале во УБИГ преку скенирање на личниот документ со МРЗ скенерот или со рачен влез на ЕМБГ на гласачот и чиј што отпечаток од прст бил колектиран со УБИГ.

Државна изборна комисија со цел детално да ги провери наведените податоци од страна на Избирачкиот одбор во Записникот 16, истата ги провери во серверот за биометриска идентификација на гласачи во ДИК двата наведени гласачи од графа 13 од Записникот кои гласале со ставање на отпечаток од прст во посебна графа и при тоа утврди дека истите гласале и биле верификувани со отпечаток од прст.

Државната изборна комисија откако ги утврди фактите и околностите што се од значење за одлучување по приговорот утврди дека сумарниот збир од податоците од т.5, т10, т.11, т.12 и т.13 од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО за избирачко место бр.2101, кој изнесува 483, не се совпаѓа со вкупниот број на избирачи потпишани во изводот од избирачкиот список, избирачи, како и вкупниот број на гласачки ливчиња внесени во гласачката кутија, 479 избирачи како што има наведено Избирачкиот одбор во Записникот бр.2101 .

Државна изборна комисија изврши увид и во Дневникот за евиденција на настани при што констатираше дека Избирачкиот одбор не постапил согласно чл.108-а став 6 од Изборниот законик на начин што не ја констатирал состојбата со евидентирање во дневникот за евиденција на настани со цел заштита на избирачкото право.

Согласно член 151 став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако:
- избирачкиот одбор не го спроведува гласањето на начин утврден со овој законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите,
- е нарушена тајноста на гласањето,
- гласањето било прекинато подолго од 3 часа,
- полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место,
- бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале,
- бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија и
- некое лице или лица гласале за други лица.

Во Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати бр. 16 утврдено е дека членовите на избирачкиот одбор постапиле спротивно Задолжението за Општинските изборни комисии и избирачки одбори бр. 02-1818/1 од 30.04.2024 година во кое се задолжени за денот на спроведување на изборите да присуствуваат седум членови на ИО, а истиот е потпишан само од претседателот на ИО и четири членови. Од тука се утврди дека избирачкиот одбор не го спроведува гласањето на начин утврден со овој законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите што за поништување на гласањето согласно член 151 став 1 алинеја 1 од Изборниот законик.

При увидот на фактичката состојба од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО за избирачко место бр.2101 Ларце, Желино е утврдено дека избирачкиот одбор не го спровел гласањето на начин утврден со Изборниот законик така што овие неправилности влијаеле врз невистинитите податоци внесени во овој Записник како и целокупната постапка за сумирање и утврдување на резултатите како и се утврди дека бројот отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија.

Државната изборна комисија, согласно горенаведената фактичка состојба, а врз основа на член 151 став 1 од Изборниот законик, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

## ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

од Потпретседател на Државна изборна комисија Дитмире Шеху

На седницата на ДИК одржана на 13. 05. 2024 година, на која се разгледуваа приговорите за сумирање на резултатите за избор на пратеници во Собранието на РСМ, при предлог на дневниот ред, согласно Деловникот за работа на ДИК побарав да се дополни Дневниот ред со точка „Објавување на Записниците бр 16 и 21 од сите избирачки места во РСМ за Изборите за Претседател на РСМ и за Изборите за пратеници во Собранието на РСМ на веб страната на ДИК.„

Моето образложение беше во контекст на поголема транспарентност и достапност на овие записници до граѓаните, бидејќи истите се јавни и нема никаква пречка истите да се објавуваат на веб страницата на ДИК.

Претседателот на ДИК мојот предлог го стави на гласање, но од негова страна и од страна на членовите на ДИК бев надгласана со 6 гласа ПРОТИВ, при што мојот предлог не беше усвоен.

На почеток на седницата, еуфорично од претседателот на ДИК и членовите, без детално да се проверат условите согласно член 147 став 10 се пристапи кон отварање на доверливиот гласачки материјал за ИМ 2101 Желино.

При увид во доверливиот гласачки материјал од моја страна беше побарано ДИК да пристапи и да го почитува член 148, став 3 каде ДИК е должна при одлучување да ги утврди фактите и околностите со тоа што од моја страна беше побарано да се викаат и сведоци, односно избирачкиот одбор иако согласно закон овие права ми следуваат, но од страна на Претседателот и членовите на ДИК ова право ми беше скратено.

Избирачкиот одбор е орган на ДИК кој на денот на изборите го спроведува гласањето и е најкомпетентен за да ни објасни, односно да ни образложи како течело гласањето на тоа избирачко место, бидејќи во самиот записник нема ниту една забелешка ниту од членовите на избирачкиот одбор ниту од овластените претставници, при што сакам да наведам дека во записникот нема забелешка од страна на преставник на подносителот на приговорот за ова избрирачко место.

При проверка на доверливиот материјал за ова избирачко место се констатираше дека во делот 3 каде се внесени податоците за биометриската идентификација, соодвстува со фактичката состојба на доверливиот материјал.

Бројот на гласачи се совпаѓа со бројот на идентификувани гласачи со УБИГ и исто така и бројот на запишани во Избирчиот список се совпаѓа со бројот на потписи, но забелешката беше во една графа за потпис во избирачкиот список има два потписа, но членовите на ДИК го бројат како еден.

Јасно се гледа дека од страна на избирачкиот одбор е направен пропуст и затоа побарав од на Претседателот и членовите на ДИК да присустуваат на самата седница и членовите на избирачкиот одбор за ИМ 2101 додека се разгледуваше горенаведениот приговор, но чудно мојот предлог се одби иако согласно член 148 став 3, ДИК е должна да ја утврди фактичката состојба, уште повеќе што избирачкиот одбор е орган на ДИК и тој го спреведе гласањето за тоа ИМ.

Напоменувам, дека ако би присуствувал избирачкот одбор на ИМ 2101 би се разјаснила целата ситуација со потписите, бидејќи многу јасно се гледа дека е направен ненамерен пропуст, при што двајца гласачи се потпишале на една иста графа за потпис.

ДИК како професионална и независна институција која е надлежна за организирање и спроведување на изборите треба да се раководи од Уставните и законските норми и да го гарантира еднаквото право на глас, да спроведува слободни избори со тајно гласање со подеднакви права за сите, што не беше случај при одлучување за овој приговор.

**Правна поука**: Против ова решение е дозволена тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија преку Државната изборна комисија, во рок од 24 часа од приемот на решението.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Александар Даштевски**